СВЕТСКА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА
ПАРА КАРАТЕ
ПРАВИЛА НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО КАТА

Валидни од 1.1.2023

ARTICLE 1: Пара-Карате натрпевари

1.1 Пара карате е модалитет на карате прилагоден за спортисти со попреченост. Правилата и регулативите за натпревари во пара карате ката се формулирани за да се зачува безбедноста на спортистите, како и да се промовира фер натпревар преку транспарентен и конзистентен сет на стандарди. Овие правила се применливи и мора да се следат од страна на сите спортисти, тренери, персонал за класификација, судии и друг персонал за поддршка кои организираат и/или учествуваат на кој било пара-карате натпревар признат од WKF.

1.2 Следниве правила и прописи се задолжителни за сите WKF пара карате настани, како и за други WKF признати натпревари. Секое натпреварување кое не ги следи стандардите на овие сетови од Правила не може да биде признаено како WKF пара карате натпревар.

ARTICLE 2: Дисциплини,категории и класи

2.1 ДИСЦИПЛИНИ И СЕВКУПНИ КАТЕГОРИИ

2.1.1 Во натпреварите во пара карате се изведува само индивидуална ката. Постојат три општи категории за индивидуални кати во пара карате:

а. Спортисти со оштетен вид (К10)
б. Спортисти интелектуална попреченост - спортисти со IQ помал од 75 (К21)
- Спортисти со Даунов синдром (К22)
в. Спортисти со физичка попреченост – корисници на инвалидска количка (К30)

2.1.2. Овие категории се поделени во спортски класи, во согласност со функционалната класификација на попреченоста на спортистот (како што е наведено во WKF Правилникот за класификација на Пара Карате) со што се доделуваат екстра поени согласно степенот на попреченост.

2.1.3 На спортистите со повеќе од еден вид оштетувања ќе им биде дозволено да се натпреваруваат само во една спортска класа за време на првенството. Спортистите ќе се класифицираат строго според критериумите за попреченост на категоријата во која се пријавени.

2.1.4 Класификацијата во пара карате се состои од распределба на класата спорт, статусот на класификацијата и системот за компензација на бодови со помош на дополнителни поени, кои се издаваат на спортист во спортските класи К10 и К30 според влијанието на попреченоста при изведување на Ката. Ова ограничување во перформансите ќе биде оценето од стручни WKF класификатори за време на сесијата за класификација. Во спортските класи К10 и К30, Класификацијата ќе му даде на спортистот резултат за компензација кој подоцна ќе биде додаден на резултатот на судиите, како што е објаснето понатаму во делот за бодување.

(За повеќе информации за класификацијата, ве молиме погледнете ги Правилата за класификација на пара карате на WKF)

2.2 Класи за пара-карате
2.2.1 Спортските класи се поткатегории на натпреварување кои се поделени според видот на попреченоста, за спортистот да се натпреварува во класа која најдобро овозможува правична застапеност според попреченоста, притоа дозволувајќи му на спортистот да го изрази својот максимум атлетски и технички потенцијал. Спортските класи на WKF се поделени по возраст и пол (машки и женски):

Sport Classes	Senior: 8 Sport Classes
Kata ind. for athletes with Visual Impairment	**Male** **+16** K10 **Female** **+16** K10
Blindfolds are required for all Visually Impaired Athletes during the kata performance. K10 classes will perform the Kata standing up.	

Kata ind. for athletes with Intellectual Impairment	**Male** **+16** K21 K22 **Female** **+16** K21 K22
K21 and K22 classes can perform one kata. The kata must be performed standing up.	

Kata ind. for athletes with Physical Impairment	**Male** **+16** K30 **Female** **+16** K30
Class K30 will compete using Wheelchairs.	

2.1 ПРЕПОРАЧАНИ СПОРТСКИ КЛАСИ ЗА РАЗВОЈ НА ПАРА-КАРАТЕ НА НАЦИОНАЛНО НИВО НА НАТПРЕВАРИ

2.1.1 За развој на пара карате се препорачуваат три дополнителни спортски класи во индивидуални натпревари во пара-карате кати:

а) Спортисти со оштетен вид - спортисти со благо оштетување на видот (К11)
- Спортисти со тешко оштетување на видот - слепило (К12)

б) Спортисти со интелектуална попреченост - спортисти со аутизам (К23)

в) Спортисти со физичка попреченост - Standees (К40)

2.1.2 Спортски класи за јуниори/кадети се препорачуваат со цел развој на пара карате.

Пример за спортски класи:

Sport Classes	Juniors: 14 Sport Classes	Seniors: 14 Sport Classes
Kata ind. for athletes with Visual Impairment	**Male 14-17** K11 K12 **Female 14-17** K11 K12	**Male +16** K11 K12 **Female +16** K11 K12
Blindfolds are required for all Visually Impaired Athletes during the performance. K11, and K12 classes will perform the Kata standing up.		

Kata ind. for athletes with Intellectual Impairment	**Male 14-17** K21 K22 K23 **Female 14-17** K21 K22 K23	**Male +16** K21 K22 K23 **Female +16** K21 K22 K23
K21, K22 and K23 classes can perform one kata. The kata must be performed standing up.		

Kata ind. for athletes with Physical Impairment	**Male 14-17** K30 K40 **Female 14-17** K30 K40	**Male +16** K30 K40 **Female +16** K30 K40
Class K30 will compete using Wheelchairs. Class K40 will compete standing up.		

ARTICLE 3: Натпреварувачки протстор во кати


3.1 Местото за натпреварување ќе биде во форма на квадрат, одобрено од WKF, со страни од осум метри (мерено однадвор). Ќе има чиста безбедносна зона од два метри од секоја страна. Онаму каде што се користи подигнат простор за натпреварување, безбедносната површина треба да биде дополнителен еден (1) метар од секоја страна.

3.2 Судиите и софтверскиот техничар се поставени еден до друг на масата на крајот од татамите свртени кон натпреварувачите, со главниот судија (судија бр.1) најблиску до софтверскиот техничар кој седи на крајот од официјалната маса.

3.3 Сите судии и софтверскиот техничар се поставени во ред пред официјалната маса, по можност зад една маса.

3.4 Во рамките на еден метар од надворешниот периметар на безбедносната зона не смее да има рекламни складишта, столбови итн.

3.5 Тренерите и асистентите ќе седат надвор од безбедносната зона, на нивните соодветни страни од ТАТАМИ кон официјалната маса. Онаму каде што ТАТАМИ подлогата е подигната, тренерите ќе бидат поставени надвор од покачената област зад нивните соодветни натпреварувачи.



3.6. Доколку во борбите за медал натпреварот ќе се одвива на подигната платформа, а со цел безбедност на натпреварувачите, дозволено е тренерот или асистентот на натпреварувачот да го води до татамито. По завршување на мечот повторно тренерот или асистентот ја извршува оваа должност. Доколку тренерот мора да седи на платформата со својот натпреварувач, столчето до платформата останува празно.

ARTICLE 4: Официјална опрема

4.1 Судии

4.1.1 Службената униформа ќе биде следната:
а) Морнарско-сино блејзер шифра во боја 19-4023 TPX)
б) Обични светло-сиви панталони (шифра во боја 18-0201 TPX)
в) Бела кошула со кратки ракави
г) Обични темно сини или црни чорапи и црни обувки без врвки
д) Официјална вратоврска
ѓ) Црно свирче со дискретна бела врвка

4.1.2 Дозволени се следните додатоци на облеката:
а) Доброволна религиозна облека одобрена од WKF
б) Штипка за коса и дискретни обетки
в) Косата може да се носи пуштена со должина до рамениците, а шминката мора да биде дискретна
г) Со униформата не смеат да се носат потпетици поголеми од 4 cm
д) Дискретен венчален прстен

4.1.3 Судиите мора да носат официјална униформа на сите турнири, брифинзи и курсеви.

4.1.4. Официјалната униформа за судиите може да биде заменета со друга заедничка униформа, под услов организаторот на настанот да побара писмено до WKF и формално да биде одобрена од WKF.


4.1.5 Доколку главниот судија се согласи, на судиите може да им се дозволи да ги отстранат блејзерите.

4.1.6 Судиската комисија или главниот судија може да одбие учество на кое било службено лице кое не се придржува кон оваа регулатива.

4.2 Натпреварувачи

4.2.1 Натпреварувачите мора да носат бели кимона, одобрени од WKF, без додатоци или лични везови, освен што е конкретно дозволено со правилата на WKF и е наведено во билтенот за натпреварот:
а) За сите официјални настани на WKF (Светски првенства и Карате 1 - Премиер лига, Серија А и Младинска лига), кимоната мора да имаат извезени брендови на рамениците во соодветно црвена или сина боја според косистемот. Исклучок се актуелните светски шампиони и победници на големите шампиони во Премиер лигата, кои наместо црвено или сино, мора да имаат извезено брендови во златна боја.
б) Државниот амблем или знамето на државата ќе се носи на левата града на кимоното и не смее да надминува вкупна големина од 12 см на 8 см.
в) Само оригиналните етикети на производителот можат да бидат прикажани на Каратеги.
г) Дополнително, на задната страна ќе се носи идентификација издадена од Организацискиот одбор.
д) Натпреварувачите или тимовите мора да носат црвен појас одобрен од WKF (АКА) или син појас (АО) како што е доделено со ждрепката, без никакви лични везови или реклами или ознаки освен вообичаената етикета од производителот.
ѓ) Црвените и сините појаси мора да бидат широки околу пет сантиметри и со должина доволна за да овозможат петнаесет сантиметри слободен пад на секоја страна од јазолот, но не подолги од три четвртини од должината на бутот.
е) Горниот дел, кога е затегнат околу половината со ременот, мора да биде со минимална должина што ги покрива колковите, но не смее да биде повеќе од три четвртини од бедрата.

ж) Натпреварувачките можат да носат обична бела маичка под карате јакната.
з) Горниот дел на кимоното не може да се користи без врвки. Врвките мораат да бидат врзани на почетокот на изведбата.
ѕ) Максималната должина на ракавите на горниот дел на кимоното не смее да биде подолга од свиокот на зглобот и не пократка од половина од подлактицата.
и) Ракавите на јакната не смеат да се засукаат.
ј) Панталоните мора да бидат доволно долги за да покриваат најмалку две третини од потколеницата и не смеат да допираат под глуждот.



4.1.1 Извршниот комитет на WKF може да одобри прикажување на специјални етикети или заштитни знаци на одобрени спонзори.

4.1.2 Натпреварувачите можат да користат религиозна облека за глава одобрена од WKF: црна марама од обична ткаенина што ја покрива косата, но не и вратот или грлото.

а) Натпреварувачите мора да имаат кратки нокти и не смеат да носат метални или други предмети. Употребата на метални протези за заби мора да биде одобрена од судијата и од докторот на турнирот. Натпреварувачот ја прифаќа целосната одговорност за каква било повреда.
б) Дозволени се диоптриски спортски очила само за спортисти со интелектуална попреченост и за спортисти во инвалидска количка. Сите очила мора да бидат прицврстени на главата со ремен и мора да останат цврсто на своето место во секое време за време на изведбата, без да паѓаат. Употребата на спортски очила мора да биде одобрена од Комисијата за пара карате. Контактните леќи може да се носат на сопствен ризик на натпреварувачот.

а) Натпреварувачите мора да ја одржуваат косата чиста и да ја потстрижат до должина што не го попречува изведбата. Нема да биде дозволено хачимаки (појас за глава).
б) Венчиња за коса се забранети, како и металните држачи за коса. Забранети се панделки, мониста и други украси. Дозволени се една или две дискретни гумени ленти на едно опавче.
в) Забрането е носење каква било неовластена облека, облека или опрема.

4.2.4. Користењето на завои и преврски поради повреда е дозволено, но мора да биде одобрено од Главниот судија и Турнирскиот доктор.

4.1.2 Натпреварувачите кои ќе се појават на натпреварувачкиот простор со неправилна опрема ќе добијат една минута да ја поправат облеката, а тренерот автоматски ќе го изгуби правото да го тренира натпреварувачот за тој настап.

4.3 Тренери и лични асистенти

4.3.1. Тренерите и личните асистенти треба во секое време на натпреварот да ја носат својата официјална облека и да ја имаат прикажано својата акредитација на видно место, со исклучок во борбите за медал, каде мажите тренери можат да носат одело и вратоврска, додека женските тренери можат да изберат да носат фустан, панталони или комбинација од сако и здолниште во темни бои.

4.3.2 Дозволени се следните додатоци на облеката:
а) Венчален прстен
б) Доброволна религиозна облека одобрена од WKF

4.3.3 Супервизорот на натпреварите на WKF, или Организациската комисија, може да им дозволи на тренерите наместо тренерки да ја користат официјалната тимска маичка на федерацијата или обична маичка во боја без пишување или логоа.

4.3.4 Во секој непредвиден инцидент, како што се дополнителни тестови за класификација, допинг контрола, пожар или друга потреба за итна евакуација, националните тренери се директно одговорни за безбедно отстранување на спортистите.

4.3.5 Доколку борбите или натпреварите се одржат на платформа, натпреварувачот може да биде воден до платформата од страна на тренерот или помошникот доколку тоа е потребно.

4.3.6 Тренерите и помошниците на натпреварувачите треба да се погрижат спортистот да биде придружуван во текот на целиот натпревар.

4.3.7.Тренерите и асистентите на натпреварувачите мораат да се осигураат дека ги поседуваат лековите и медикаментите кои можеби би затребале за своите натпреварувачи.

4.4 Опрема за спортисти и животни за медицински услуги

4.4.1 Политиката за меѓународна параолимписка политика (IPC) за спортска опрема (наведена во Прирачникот IPC) се применува на сите признати натпревари. Одобрената опрема треба да нуди слични услови меѓу спортистите во истата спортска класа (како и да нуди безбедност, во некои случаи), за да се овозможи правична споредба помеѓу спортистите и нивните вистински физичко-технички способности.

4.4.2. Протези, бастуни, патерици и друга опрема што се користи за физичка поддршка не се дозволени во Натпреварот и Класификацијата.

4.4.3 Превези

4.4.3.1 Од спортистите од класата со оштетен вид (К10) се бара да носат очила за затемнување одобрени од Меѓународната федерација (IBSA) за спортови на слепи.

1.1.2023 – 31.12.2023 ПРЕОДЕН ПЕРИОД

4.4.3.2. Превезите треба да бидат со темна и дискретна боја (сива, сина или црна) и не треба да имаат никакви логоа, обележја или реклами.

4.4.3.3. Превезите, исто така, мора да останат цврсто поставени на лицето и главата на спортистот со помош на прилагодлив ластик или лента што не смее да се олабави или откачи за време на изведувањето на Ката.

4.4.3.4. Сите превези мора да бидат одобрени од Пара карате комисијата за време на сесијата за класификација пред натпреварот.

4.4.4 Инвалидски колички


4.4.4.1 Инвалидските колички што се користат во натпреварувањето мора да се користат и во сесијата за класификација. Доколку на натпреварот се користи различна инвалидска количка отколку на сесијата за класификација, спортистот ќе биде дисквалификуван.

4.4.5 Прерамките што се користат во натпреварувањето мора да се користат и во сесијата за класификација. Доколку не се користи ремче во сесијата за класификација и се користи едно во натпреварување, или се користи различно ременче во сесијата за класификација од она што се користи во натпревар, спортистот ќе биде дисквалификуван.

4.4.6 Ќе бидат дозволени сите видови инвалидски колички кои овозможуваат атлетско и непречено прикажување на Ката. Само следниве видови и варијации не се дозволени:
а) Walkers.
б) Инвалидски колички со поддршка на електричен погон (на пр., електрични мотори интегрирани во главините на тркалата).
в) Електрични инвалидски колички.

4.4.7 Карактеристики на инвалидска количка:
а) Долната страна на потпирачите за нозе мора да биде дизајнирана да спречи оштетување на татамито.
б) Дозволени се еден или два тркалца anti tip прикачени на задниот дел од инвалидската количка за безбедносни цели. Тие можат да се прицврстат или на рамката или на задната оска и се наоѓаат на задниот дел од инвалидската количка; во инвалидската количка може да се додадат тркалца кои често или дури постојано доаѓаат во контакт со подот. Ширината помеѓу тркалцата мора да биде ограничена на растојанието помеѓу внатрешноста на двете големи тркала. Кога спортистот седи во инвалидска количка во положба за возење напред, максималното дозволено растојание помеѓу долниот дел на тркалцето и татамито е 2 см. Anti tip количките не смеат да излегуваат надвор од вертикалната рамнина што ги допира најзадните точки на погонските тркала. Ова порамнување треба да се процени со инвалидската количка во нејзината напредна положба за возење.
в) Големите задни тркала може да имаат максимален агол од 18 степени.
г) Големите тркала може да бидат во која било боја, доколку не го дамкаат или оштетат татамито. Не се дозволени гуми или тркалца што го обележуваат татамито. Може да се направат исклучоци кога може да се докаже дека ознаките може лесно и брзо да се отстранат.


д) Максималната висина од подот до врвот на перницата, кога се користи перница, или до врвот на платформата на седиштето (кога не се користи перница) не смее да надмине 65 см.
ѓ) Мора да има по еден рачен раб на секое тркало.
е) Не се дозволени уреди за управување или запчаници на инвалидската количка.



4.4.8. Дозволени се ремени за нозете за фиксирање на нозете на спортистите во инвалидска количка (К30). Тие мора да бидат во бела боја и без логоа и мора да бидат направени од материјал кој не е еластичен или на друг начин растеглив. Може да се користат најмногу три (3) ремени; тие мора да бидат поставени помеѓу глуждовите и колкот. Не е дозволено фиксирање на горниот дел од телото.

4.4.9 Дозволени се повеќе логоа на спонзори на позициите и во големини наведени во правилата.

4.4.10.На главните тркала може да се постават повеќе логоа на спонзори и реклами. Логото може да достигне големината на кругот. Може да се користат двете тркала



4.4.11 Секоја идентификација, лого или ставки кои промовираат или рекламираат политички или религиозни ставови или кои даваат незаконски или лажни впечатоци за спортот се забранети. Содржините што го омаловажуваат идентитетот или угледот на натпреварот, WKF или на која било локална организациска комисија, организациски комитет за големи игри (како што се Меѓународниот олимписки комитет или Меѓународниот параолимписки комитет), Националната федерација или натпреварувачот, исто така се строго забранети. Забрането е и рекламирање на производи кои му штетат на интегритетот на спортот или на неговите спортисти (на пример, тутун или алкохол) или кои го прекршуваат антидопинг-кодексот на WADA или локалните закони.

4.4.12 WKF ќе има општа дискреција да приговара на каква било форма на рекламирање што го повредува интегритетот на спортот и неговите спортисти или дава негативна слика за натпреварот. Сите

вакви случаи ќе бидат проследени до Дисциплинско-правната комисија.

4.1.3 Поставување на лого на спонзори или реклами е забрането на следните места на инвалидската количка:
а) потпирачот за грб
б) страничните штитници или потпирачите за раце
в) подножјето
г) тркалца
д) рамката

4.4.5 Услужни животни

4.4.5.1 Услужните животни се животни обучени да им помагаат на лицата со попреченост и да извршуваат специфични функции, како што се кучиња асистенти за слепи или кучиња обучени да откриваат напади или хипогликемија.

4.4.5.2 На животните за медицински услуги им е дозволено да ги придружуваат спортистите во рамките на местото на натпреварување, но само оние животни кои се обучени и сертифицирани за откривање на опасни по живот услови ќе бидат дозволени на надворешниот периметар на просторот за натпреварување, каде што мора да останат без да предизвикуваат пречки. Услужните животни не смеат да влезат во областа за натпреварување. Тераписките животни, животните со емоционална поддршка или миленичиња кои не се животни за медицинска услуга нема да бидат дозволени во областа за натпреварување или нејзиниот периметар.

ARTICLE 5: Организација на ката натпревари

5.1 Општо

5.1.1 Ката не е танц или театарска претстава. Мора да се придржува до традиционалните вредности и принципи. Мора да биде реална во борбените услови и да прикажува концентрација, моќ и потенцијално влијание во своите техники. Мора да покаже сила, моќ и брзина, како и ритам и рамнотежа.

5.1.2 Натпреварувачите мора во секое време да ги следат упатствата дадени од главниот судија.

5.2 Формати на натпреварот

5.2.1 Системот за елиминација на натпреварувачи од 8 групи се користи за натпревари во пара карате.

5.2.2 Натпреварот во поединечна ката се состои од индивидуален настап во одделни машки и женски категории.

5.3 Носители и редослед на изведба

5.3.1. За светски и континентални натпревари, само најдобрите 4 натпреварувачи од Светската Ранг листа се сметаат за носители.

5.3.2. Електронскиот систем за ката, по случаен избор ќе го одреди редоследот на натпреварувачите во групата, не вклучувајќи ги борбите за медал.

5.4 Најавување на ката

5.4.1 Единствена одговорност на тренерот, или во отсуство на тренер, на натпреварувачот е да се погрижи катата што е пријавена кај записничарот (runner) да биде соодветна за тој конкретен круг.

5.4.2 Доколку има некакво несовпаѓање помеѓу бројот и името на катите регистрирани за изведба, ќе преовладува бројот според официјалниот список на WKF Kata.

5.5 Непојавување на време

5.5.1 Индивидуалните натпреварувачи кои нема да се појават кога ќе бидат повикани, или ќе одлучат да не продолжат, ќе бидат дисквалификувани (KIKEN) од таа категорија. Дисквалификацијата со КИКЕН значи дека Натпреварувачите се дисквалификувани од таа категорија, иако тоа не влијае на учеството во друга категорија.

5.6 Групи со систем за елиминација на 8 натпреварувачи

5.6.1 Бројот на натпреварувачи ќе го одреди бројот на групи за олеснување на елиминациските рунди. Следната табела го сумира бројот на пулови и групи според бројот на натпреварувачи:

Number of Competitors	Number of groups	Number of Kata performed to win	Competitors in the second round
2	1	1	Zero (No second round)
3	**1**	**2**	**Medal Bout (only for gold)**
4	2	2	Medal Bout (only for gold)
5 to 10	2	2	Medal Bout
11 to 24	2	3	8 Competitors
25 to 48	4	4	16 Competitors
49 to 96	8	4	32 Competitors
97 to 192	16	5	64 Competitors
193 or more	32	6	128 competitors

5.6.2. Натпреварувачите ќе се натпреваруваат во групи од по осум натпреварувачи (со исклучоци кои се објаснети за помалку од 11 или повеќе од 96 натпреварувачи) и за секој круг бројот на натпреварувачи ќе се намали на четворица по група што продолжуваат во следната рунда, се додека не останат само две групи на натпреварувачи (екипно или индивидуално), каде што натпреварувачите од двете групи со највисоките оцени ќе се натпреваруваат за првото место, а останатите двајца од секоја од двете групи ќе се натпреваруваат за двете трети места.

5.6.3 Во случај да има 3 или помалку натпреварувачи, се изведува една Ката за да се одреди од прво до трето место.

5.6.4 Со 4 натпреварувачи се формираат две групи од по двајца за првиот круг и двајцата победници се среќаваат за да се натпреваруваат за 1-во место, додека двајцата поразени се пласираат на третото место.

5.6.5 Со 5-10 натпреварувачи, две групи и трите натпреварувачи со највисоки бодови од секоја група продолжуваат во борби за медал. Групата потоа ќе ја следи нормалната процедура односно натпреварувачите со највисок резултат за секоја група ќе се натпреваруваат за 1-во и 2-ро место - а бројот 2 ќе се сретне со бројот 3 од другата група и обратно - освен ако нема вкупно само 5 натпреварувачи - во тој случај Натпреварувачот број 2 во поголемата група ќе го освои своето 3-то место без борба.


5.6.7. Доколку бројот на натпреварувачи е 11-24, се формираат две групи. По првата Ката, 4-те најдобри натпреварувачи формираат две групи од по четири, по што втората ката ќе го одреди пласманот за 6-те натпреварувачи (по 3 од секоја група) кои вообичаено ќе се борат во третиот круг за медалите.

5.6.8 Доколку бројот на натпреварувачи е 25-48, се формираат четири групи. По првата Ката, првите 4 натпреварувачи од секоја група ќе поминат во вториот круг. Во вториот круг 16 натпреварувачи се поделени во 2 групи во 2 татами (8 натпреварувачи за секоја група) и ќе се изведе втората Ката. По вториот круг 4-те најдобри натпреварувачи за секоја група (вкупно осум) ќе поминат во третото коло. Во третиот круг, овие 8 натпреварувачи се поделени во 2 групи (4 натпреварувачи за секоја група) и ја изведуваат третата Ката. По третото коло, 3-те најдобри натпреварувачи од секоја група ќе поминат во медал, изведувајќи ја четвртата ката.

5.6.9 Основниот број на натпреварувачи по група е 8 – но кога бројот на натпреварувачи надминува 64, но е под 97, бројот на натпреварувачи што надминува 64 се распределени во 8-те групи до максимум 12 по група.

5.6.10 Доколку бројот на натпреварувачи е од 97 до 192, бројот на групи се удвојува на 16 - со што се добива намален број на натпреварувачи по група - но сепак се избираат првите четворица од секоја група оставајќи 8 групи од 8 натпреварувачи (вкупно 64 Натпреварувачи) за следната рунда.

5.6.11.Доколку бојот на натпреварувачи е 193 или повеќе, бројот на групи повторно се удвојува до 32 со што се добива намален број на натпреварувачи по група – но сепак се избираат првите четворица од секоја група оставајќи 16 групи со вкупно 128 натпреварувачи во следниот круг.
5.6.12. Следната табела го објаснува форматот на натпревар.



5.6.13 Изведби на медали: Победниците од двата пула се натпреваруваат за злато и сребро. Бројот 2 во една од последните две групи ќе се сретне со бројот 3 во другата од последните две групи за да се бори за двата бронзени медали.

5.1.3 Поразените од бронзеното финале ќе се пласираат на петтото место.

5.2 Ката натпревар за оние под 16 години

5.2.1 Нема конкретни отстапувања од стандардните правила, но може да се користи ограничување на списокот Ката на помалку напредни кати.

ARTICLE 6: Судиски панел

6.1 За сите официјални натпревари на WKF, панелот од седум судии за секоја рунда ќе биде назначен по случаен избор со примена на компјутерска програма.

6.2 Меѓутоа, за натпревари кои не се сметаат за Светско рангирање на WKF или за олимписки пласман, бројот на судии може да се намали на 5 - сеуште елиминирајќи ги највисоките и најниските оценки.

6.3 Истите судии мораат да бидат распоредени за сите натпреварувачи во група за секој круг - или група во Раунд Робин систем за елиминации.

6.4. Во борбите за медал, ниту еден од судиите не смее да има иста националност како натпреварувачите и не смее да има никаков Конфликт на интереси како иста држава, фамилијарни врски или врска тренер-натпреварувач.

6.5 За секое татами, еден судија е назначен за главен судија и ќе го преземе водството во спроведувањето на потребната комуникација со софтверскиот техничар и ќе се справи со секое непредвидено прашање меѓу судиите.

6.6 Распоредување на судии и распределба на панели за елиминаторните рунди: Секретарот на СК ќе му помогне на софтверскиот техничар кој ракува со електронскиот систем за изготвување список што ги содржи Судиите достапни по Татами. Оваа листа ја прави секретарот на СК откако ќе заврши ждрепката на натпреварувачите и на крајот од брифингот на судиите. Оваа листа мора да содржи само судии присутни на брифингот и мора да ги исполнува горенаведените критериуми. Потоа, за ждрепката на судиите, софтверскиот техничар ќе ја внесе листата во системот и седум судии од секое распоредување на Татами ќе бидат по случаен избор избрани за судиска комисија. Откако списокот ќе биде одобрен од страна на претседателот на РК, ќе му се даде на софтверскиот техничар за да се внесе во системот. Системот потоа по случаен избор ќе го распредели судискиот панел, кој ќе ги содржи само седумте судии.

6.7. Во борбите за медал, Татами менаџерот ќе им обезбеди на Претседателот и Секретарот на СК листа која ги содржи судиите кои ги исполнуваат условите од тоа татами по завршувањето на последната изведба од елиминациската рунда. Откако листата ќе биде одобрена од Претседателот на СК, ќе му биде проследена на Софтвер Техничарот за да биде внесена во системот. Системот потоа по случаен избор ќе избере седум судии за тој панел.

6.8 Покрај Софтверскиот техничар и Објавувачот на резултати - за екипните натпревари, во панелот помага и Мерач на време кој го следи времето на изведбата.

6.9 Доколку се смета за целисходно, Објавувачот и софтверскиот техничар што управува со електронскиот систем за судење може да бидат исто лице.

6.10 Понатаму, организаторите треба да обезбедат најавувачи (runner) за секоја натпреварувачка област запознаени со списокот на WKF Kata за да ги запишат избраните кати од натпреварувачите пред секој круг и да го известат софтверскиот техничар. Менаџерот на Татами е одговорен за надгледување на работата на најавувачите (runner).

ARTICLE 7: Бодување

7.1 Официјална листа на кати

7.1.1 Само кати од официјалната листа на WKF можат да бидат изведувани. Офцијалната листа на кати може да се погледне во APPENDIX 1.

7.1.2 Имињата на некои од катите се дуплирани поради варијации во романизацијата и спелувањето. Во неколку случаи катата е позната под различно име во зависност од стилот (Ryu-ha)..

7.2 Оценување

7.2.1 Изведбата се оценува од поклонувањето пред почетокот на катата до поклонувањето по завршување на катата.

7.2.2 Мали варијации во согласност со стилот (Ryu Ha) се дозволени.
7.2.3 Отстапувања се возможни согласно степенот на попреченост.

7.2.4 Измени можат да се користат како алтернативни решенија (пример подигање на количката наместо ножни удари кај корисниците на инвалидска количка)
7.2.5 Катата мора да биде препознатлива.
7.2.6 Натпреварувачите со интелектуална попреченост (Sport Classes K21 and K22) можат да изведуваат една иста ката во секој круг. Сите останати спортски класи (K10 and K30) мораат да изведуваат различна ката секој круг. Дозволени се само кати од официјалната листа на WKF.

7.3 Поен систем

7.3.1. Изведбата се оценува на скала од 5.0 до 10.0 со зголемувања од 0.1, - каде што 5,0 ја претставува најниската можна оценка за Ката што е прифатена како изведена - и 10,0 претставува совршена изведба. Дисквалификацијата се означува со резултат 0,0.

7.3.2. Компензација (екстра поени) се доделува од Класификацискиот панел, кои поени подоцна ќе бидат внесени во оцените на судиите.
7.3.3. Системот ќе ги елиминира највисоката и најниската оценка.

JUDGE 1	JUDGE 2	JUDGE 3	JUDGE 4	JUDGE 5	JUDGE 6	JUDGE 7	EXTRA SCORE	TOTAL
7.6	7.6	~~8.2~~	7.7	~~7.5~~	7.8	8.1	1.2	41

7.4 Нивоа на резултати

7.4.1 За целите на униформирана примена на скалата што се користи при бодување, се применува следново упатство:

- 10 Совршена изведба
- 9 - 9,9 Одлична изведба за медали од светска класа
- 8 - 8,9 Многу добар Меѓународен натпревар на високо ниво
- 7 - 7,9 Добро Очекувано ниво за меѓународен натпревар
- 6 - 6,9 Прифатливо Изведено
- 5-5.9 Недоволно Извршено со несовпаѓања
- 0 Дисквалификуван

7.5 Разрешување на нерешено

7.5.1 Нерешените врски се решаваат со следните чекори за да се одреди победникот:

1. Оној кој има највисок резултат кога го вклучува и најниските резултат добиен во настапот помеѓу двајцата натпреварувачи (резултати дадени од 6 од 7 судии).
2. Оној кој има највисок резултат вклучувајќи ги и најниските и највисоките оценки добиени во настапот помеѓу двајцата натпреварувачи (Резултатите дадени од сите 7 судии).
3. Највисок светски ранг на датумот на натпреварот.
4. Фрлање паричка (случаен избор).

7.6 Критериуми за евалуација

Kata Performance	**Техничка изведба во согласност со степенот на попреченост**
1. Ставови 2. Техники 3. Транзициски движења 4. Време и синхронизација 5. Правилно дишење 6. Фокус (KIME) 7. Соодветност: кон кихонот 8. Сила 9. Брзина 10. Рамнотежа	1. Натпреварувачи со оштетен вид (K10) – Ориентација во простор и ембусен (линија на изведба на катата) 2. Натпреварувачи со интелектуална попреченост (K21-22) – флуидност на елементи 3. Натпреварувачи со физичка попреченост (K30) – вештина, контрола и маневрирање со инвалидската количка.

7.7 Грешки

Следниве грешки, доколку се очигледни, мора да се земат предвид:

1. Мала загуба на рамнотежа.
2. Асинхрони движења, како што е испорака на техника пред да се заврши транзицијата на телото.
3. Употребата на звучни знаци (од кое било друго лице, вклучително и други членови на тимот) или театрализирање, како што се удирање на стапалата, удирање по градите, рацете или кимоната, или несоодветно издишување, судиите мора да ги сметаат за многу сериозни грешки при нивното оценување на изведба на Ката - на исто ниво како што би се казнило привремено губење на рамнотежа.
4. Одврзување на појасот до тој степен што се симнува од колковите за време на изведбата.
5. Превез кој се симнува од лицето и ги открива едното или двете очи за време на изведбата.
6. Друга опрема, како што се ремените за нозете или спортските очила кои паѓаат од нивните соодветни

места за време на изведбата.
7. Губење време, вклучително и продолжено марширање, прекумерно поклонување или продолжена пауза пред почетокот на изведбата.
8. Посебна пауза или запирање во изведбата.
9. Јасно губење на рамнотежа што предизвикува пад или чекор за опоравување.

7.5 Дисквалификација

Натпреварувачот може да биде дисквалификуван поради која било од следниве причини:
1. Ненајавување на ката, објавување погрешна кати – или изведување друга ката од претходно објавената на официјалната маса.
2. Непоклонување на почетокот и завршувањето на изведбата на Ката.
3. Не започнување на Катата со лицето кон судиите.
4. Испуштање или додавање движења - или на друг начин суштински промени на изведбата од оригиналната форма.
5. Паѓање на појас за време на изведбата.
6. Паѓање на превезот од лицето и откривање едно или двете очи за време на изведбата.
7. Непочитување на упатствата на главниот судија или друго недолично однесување (SHIKKAKU).
8. Употреба на незасегнатата нога за време на изведбата на ката во инвалидска количка (K30).
9. Инструкции на тренерот за време на изведбата на ката.
10. Употреба на различната опрема што била користена и одобрена за време на сесијата за класификација.
11. Погрешно претставување на попреченоста за време на сесијата за класификација.

Причините за дисквалификација во евалуацијата треба да се третираат внимателно, бидејќи некои клинички состојби може да предизвикаат или да влијаат на одредени однесувања или може да се појават проблеми.
На судиите треба да им се даде можност за средба (Шуго) овде, без нужно да резултира со последица. Комисијата за пара карате може да понуди помош во такви моменти.

7.6 Прекумерно славење и политички или верски демонстрации

7.6.1 Од натпреварувачите се очекува да ја почитуваат церемонијата на поздравување пред и по настапот. Секое прекумерно славење, како што е паѓање на колена и сл., или политички или религиозни изрази, за време или веднаш по настапот е забрането и ќе подлежи на парична казна еднаква на износот што ЕК го определил за таксата за протест. Менаџерот на Татами или главниот судија ќе ја извести официјалната маса.

ARTICLE 8: Тек на мечот

8.1 Во системот за елиминација од осум групи, натпреварувачите се распоредени во групи од осум (или максимум 12) по натпреварувачка област поделени со два пула.

8.2. Редоследот на изведба во рамките на групата се одредува случајно со исклучок на било кој применлив носител во првиот круг на елиминација.

8.3 На почетокот на секоја рунда, натпреварувачите ќе се наредат на периметарот на областа на натпреварот свртени кон судиите. (Крунда треба да се разбере како една изведба на сите натпреварувачи од групата.) По лакови, првично „ШОМЕН НИ РЕИ“ - и последователно; „ОТАГАИ НИ РЕИ“, Натпреварувачите потоа ќе се повлечат од областа за натпревар.

8.4 Кога ќе биде повикан, секој натпреварувач ќе дојде до почетната точка за ката пред судиите.

8.5 Натпреварувачот може да биде воден до линијата на татамито од едно придружно лице (тренер или помошник). Натпреварувачот потоа сам ќе се префрли на почетната позиција, во рамките на периметарот на просторот за натпреварување; на Придружното лице нема да му биде дозволено да влезе во периметарот на просторот за натпреварување.

8.6 Почетната точка за изведбата е каде било во рамките на периметарот на натпреварувачката област.

8.7. По поклонувањето пред почетокот на катата, натпреварувачот мора јасно да ја најави катата која што ќе ја изведува, а потоа да започне со изведба.

8.8 На крајот од изведбата, која е дефинирана со последното поклонување по завршеток на катата, натпреварувачот(ите) мора да чекаат за објавување на евалуацијата, да се поклонат и потоа да го напуштат Татамито.

8.9 На крајот од секоја група ќе се постават сите натпреварувачи од таа група - а операторот (говорникот) ќе ги објави најдобрите натпреварувачи кои ќе поминат во следната рунда. Името на првите четири ќе биде прикажано на мониторот. Натпреварувачите потоа ќе се поклонат и ќе го напуштат душекот.

ARTICLE 9: Официјален протест

9.1 Општи одредби

9.1.1 Никој не смее да протестира за пресудата на членовите на Судискиот панел.

9.1.2 Доколку се чини дека судиската постапка е во спротивност со правилата, тренерот на натпреварувачот или неговиот/нејзиниот официјален претставник се единствените на кои им е дозволено да протестираат.

9.1.3 Протестот ќе биде во форма на писмен извештај доставен веднаш по изведбата во која е генериран протестот. Единствен исклучок е кога протестот се однесува на административна неисправност.

9.1.4 Секој протест во врска со примената на правилата не мора нужно да го попречува напредокот на натпреварот и намерата за протест треба да биде објавена од тренерот или претставникот на НФ веднаш по завршувањето на настапот.

9.1.5.Тренерот или претставникот на НФ ќе побараат официјален образец за протест од Татами Менаџерот, а ќе се очекува да го врати назад потпишан како и да ги уплати средствата во рок од 5 минути по најавуваањето на протестот.

9.1.6 Неуспехот на тренерот/претставникот на НФ да испорача протест навремено може да доведе до негово отфрлање доколку таквото одложување, според мислењето на жирито за жалби, е без разумно оправдување и го попречува напредокот на натпреварот.

9.1.7. Жирито за жалби без одлагање ќе ги разгледа околностите што довеле до протестираната одлука. Откако ќе ги разгледаат сите достапни факти, тие ќе поднесат извештај и ќе бидат овластени да преземат дејствија што може да се применат. Протестот ќе биде разгледан од Жирито за жалби (Appeal jury) и како дел од овој преглед, ќе ги проучува доказите што се достапни за поддршка на протестот.

9.1.8 Протестот, исто така, може директно да биде одлучен и најавен на Жирито за жалби од страна на претседателот на СК или главниот судија на настанот, во кој случај нема да се плати такса за протест.

9.1.9 Во случај на административна неисправност за време на изведба во тек, тренерот може директно да го извести Менаџерот на Татами. Потоа, Менаџерот на Татами ќе го извести главниот судија.

9.1.10 Протестот мора да ги даде името и земјата на натпреварувачите, судиите кои судат и прецизни детали за тоа што се протестира. Никакви општи тврдења за севкупните стандарди нема да бидат прифатени како легитимен протест. Товарот за докажување на валидноста на протестот е на подносителот на жалбата. Протестот мора да биде поднесен до претставник на жирито за жалби од страна на Менаџерот на Татами. Во догледно време, жирито ќе ги разгледа околностите што довеле до протестираната одлука.

9.1.11 Тренерот или претставникот на НФ кој протестира, мора да депонира такса за протест како што е договорено со ЕК на WKF, а тоа, заедно со протестот, мора да биде поднесено кај Менаџерот на Татами кој ќе го предаде на претставник од жирито за жалби.

9.1.12 Секој протест треба да биде објавен од тренерот или претставникот на НФ веднаш по завршувањето на настапот.

9.1.13 Одлуката на жирито за жалби е конечна и може да биде отфрлена само со одлука на Извршниот комитет на барање на претседателот на WKF.

9.1.14. Жирито за жалби не може да наметнува санкции или казни. Нивната функција е да ја донесат пресудата за основаноста на протестот за да ги започнат потребните дејствија од СК за да преземат поправни мерки за да ја поправат секоја судиска постапка за која ќе се утврди дека е спротивно на правилата.

9.1.15. Ако протестот вклучува натпреварувачи во тековната категорија, тогаш следниот круг во кој може да биде вклучен спортистот мора да се одложи додека не се реши жалбата.

9.2 Состав на жирито за жалби (Appeal Jury)

9.2.1 Апелациското жири се состои од тројца претставници (судии со високи лиценци) назначени од Судиската комисија (СК) или Главниот судија. Не смеат да се именуваат двајца членови од иста Национална федерација. Тие ќе бидат нумерирани од 1 до 3.

9.2.2 СК, исто така, ќе назначи три дополнителни членови со назначено нумерирање од 4 до 6 кои автоматски ќе го заменат кој било од првично назначените членови на жирито за жалби во ситуација на судир на интереси. Односно, кога членот на жирито е од иста националност или има семејна врска со која било од страните вклучени во протестираниот инцидент, вклучувајќи ги и сите членови на Судискиот панел вклучени во протестираниот инцидент.

9.3 Процес на евалуација на жалби

9.3.1 Одговорност на Менаџерот на Татами кој го прима протестот е да го собере жирито за жалби и да ја депонира сумата за протест кај WKF за секој одбиен протест.

9.3.2 Апелациската порота веднаш ќе ги спроведе таквите истраги и истраги, кои сметаат дека се неопходни за да се потврди заслугата на протестот.

9.3.3 Секој од тројцата членови е должен да ја донесе својата пресуда за правосилноста на протестот. Воздржани не се прифатливи.

9.4 Одбиени и прифатени протести

9.4.1 Доколку протестот се прогласи за неважечки, Жирито за жалби ќе назначи еден од своите членови вербално да го извести демонстрантот дека протестот е одбиен, а оригиналниот документ е означен со зборовите “СЕ ОДБИВА”, документот е потпишан од секој од членовите на жирито за жалба

9.4.2. Доколку протестот е прифатен, жирито за жалби заедно со организацискиот комитет и Главниот судија ќе преземат мерки за решение на проблемот вклучувајќи:
- Поништување на претходните пресуди кои се во спротивност со правилата
- Поништување на резултатите од погодените рунди од точката пред инцидентот
- Повторно изведување на такви настапите кои се погодени од инцидентот
- Издавање препорака до СК за сите вклучени судии оценети за санкционирање

9.4.3 Одговорноста е на Жирито за жалби да покаже воздржаност и здраво расудување при преземањето дејствија што ќе ја нарушат програмата на настанот на кој било значаен начин. Свртувањето на процесот на елиминациите е последната опција за да се обезбеди фер исход.

9.4.4. Доколку протестот е прифатен, членовите на Жирито за жалби ќе назначат еден член да го извести вербално тренерот или претставниокот на НФ кој го приложил протестот дека истиот е прифатен. На документот ќе бидат напишани зборовите "СЕ ПРИФАЌА" и ќе биде потпишан од сите членови на Жирито за жалби. Протестот потоа се враќа до главниот судија, кој му ја враќа уплатената такса на тренерот или претстаавникот на НФ кој го поднел протестот.

9.5 Извештај за протестот

9.5.1. Откако ќе се разреши протестот со било каков исход, Жирито за жалби ќе се сретне повторно со цел елаборирање на протестот, давање објаснувања за својата одлука на прифаќање или неприфаќање на протестот.

9.5.2 Извештајот треба да биде потпишан од сите тројца членови на жирито за жалби и доставен до главниот судија и до Организациската комисија

ARTICLE 10: Адаптација на правила

10.1 Локална адаптација на Ката правилата е дозволена за национални натпреварувања, се додека овие адаптации не предизвикаат предност или уназадување за одредени стилови во Карате.

ARTICLE 11. Регистрација на натпреварувачи

11.1 Пара карате спортистите мора да имаат најмалку 16 години.

11.2 Сите спортисти мора да бидат регистрирани преку нивните национални федерации.

11.3 Секоја национална федерација може да регистрира најмногу три (3) пара карате спортисти по спортска класа.

11.4 Регистрацијата мора да се изврши преку системот за онлајн регистрација на WKF.

11.5 Формулари за регистрација и сите придружни документи, вклучително и медицински дијагностички формулари (MDF) и сите формулари за исклучок од терапевтска употреба (TUE) одобрени од Националната антидопинг организација, информативен лист за атланто-аксијален скрининг (само за спортисти со Даунов синдром), Формуларот за согласност за евалуација, мора да биде поставен на онлајн системот за регистрација на WKF.
• TUE мора да се претходно доставени и одобрени од соодветната Национална антидопинг организација пред да се достават до Анти-допинг менаџерот на WKF.
• За да се сметаат за подобни да се натпреваруваат како спортисти со интелектуална попреченост, спортистите мора да ги исполнуваат целосните меѓународни критериуми за подобност како што е дефинирано од Светската спортска организација за спортисти со интелектуална попреченост (ВИРТУС). Само спортистите наведени во мастер листата на VIRTUS ќе имаат право да се натпреваруваат на WKF Светски пара карате првенства и VIRTUS санкционирани или промовирани шампионати. (Повеќе информации за процесот на подобност може да најдете во „Аплицирање за подобност на спортисти Упатства за VIRTUS“.) Ова важи само за настани и првенства организирани од WKF.

11.6. Специфичните барања ќе бидат објавени во билтенот за секој настан.

11.7 Може да се регистрира по еден личен асистент по спортист. Асистентот ќе добие акредитација, која ќе му биде дадена на тренерот на спортистот или на претставникот на тренерот за време на брифингот на пара карате тренерите.

11.8 Сите регистрации првично ќе останат како „во тек“, и ќе бидат предмет на преглед на уписот од страна на медицински експерт (максимум во рок од два дена).

11.9 Едно одговорно лице на Националната федерација на спортисти мора да ги собере акредитациите во просторијата за акредитација, во утврдениот датум и време.

11.10. Сите спортисти треба да се појават на сесијата за класификација. За повеќе информации во врска со класификацијата, видете ги Правилата за класификација на пара карате на WKF.

11.11 Спортистите кои биле дисквалификувани, суспендирани или санкционирани поради која било причина нема да имаат право да се натпреваруваат.

ARTICLE 12 Анти-допинг и допинг контрола

12.1 Антидопинг кодот и забранетата листа на Светската антидопинг агенција (ВАДА) се применуваат на сите натпревари на WKF. Пара карате спортистите, тренерите, личните асистенти и другиот персонал за поддршка мора да бидат запознаени со овие документи и да се придржуваат до нивните стандарди во секое време. Допинг-контролата може да се случи во било кој момент во текот на натпреварот; Од спортистите се очекува да ги почитуваат сите процедури за допинг контрола.

12.2 Несоработката со правилата за анти-допинг и/или со допинг контролата е сериозен прекршок, а спортистот ќе биде дисквалификуван од натпреварувањето и ќе подлежи на дополнителни санкции од Анти-допинг комисијата на WKF.

APPENDIX 1: Официјална листа на кати

1	Anan	35	Jiin	69	Passai
2	Anan Dai	36	Jion	70	Pinan Shodan
3	Ananko	37	Jitte	71	Pinan Nidan
4	Aoyagi	38	Juroku	72	Pinan Sandan
5	Bassai	39	Kanchin	73	Pinan Yondan
6	Bassai Dai	40	Kanku Dai	74	Pinan Godan
7	Bassai Sho	41	Kanku Sho	75	Rohai
8	Chatanyara Kusanku	42	Kanshu	76	Saifa
9	Chibana No Kushanku	43	Kishimono No Kushanku	77	Sanchin
10	Chinte	44	Kousoukun	78	Sansai
11	Chinto	45	Kousoukun Dai	79	Sanseiru
12	Enpi	46	Kousoukun Sho	80	Sanseru
13	Fukyugata Ichi	47	Kururunfa	81	Seichin
14	Fukyugata Ni	48	Kusanku	82	Seienchin (Seiyunchin)
15	Gankaku	49	Kyan No Chinto	83	Seipai
16	Garyu	50	Kyan No Wanshu	84	Seiryu
17	Gekisai (Geksai) 1	51	Matsukaze	85	Seishan
18	Gekisai (Geksai) 2	52	Matsumura Bassai	86	Seisan (Sesan)
19	Gojushiho	53	Matsumura Rohai	87	Shiho Kousoukun
20	Gojushiho Dai	54	Meikyo	88	Shinpa
21	Gojushiho Sho	55	Myojo	89	Shinsei
22	Hakusho	56	Naifanchin Shodan	90	Shisochin
23	Hangetsu	57	Naifanchin Nidan	91	Sochin
24	Haufa (Haffa)	58	Naifanchin Sandan	92	Suparinpei
25	Heian Shodan	59	Naihanchi	93	Tekki Shodan
26	Heian Nidan	60	Nijushiho	94	Tekki Nidan
27	Heian Sandan	61	Nipaipo	95	Tekki Sandan
28	Heian Yondan	62	Niseishi	96	Tensho
29	Heian Godan	63	Ohan	97	Tomari Bassai
30	Heiku	64	Ohan Dai	98	Unshu
31	Ishimine Bassai	65	Oyadomari No Passai	99	Unsu
32	Itosu Rohai Shodan	66	Pachu	100	Useishi
33	Itosu Rohai Nidan	67	Paiku	101	Wankan
34	Itosu Rohai Sandan	68	Papuren	102	Wanshu

При пријавување на ката за изведба, мора да се користи предвидениот реден број на истата. Доколку има било какви несогласувања во однос на бројот и името на катата, бројот ќе се земе за важечки.

WKF OFFICIAL PROTEST FORM

KATA

The protest must be prepaid

DATE	COMPETITION	PLACE
……../ ……../ ……..		

NAME OF THE COMPETITOR	COUNTRY

PROTEST DESCRIPTION

To be continued on the other side of this page

NAME		Valid as receipt by the WKF
SIGNATURE		

FOR OFFICIAL USE ONLY

TATAMI N°			TM Manager:				
PANEL	Judge 1	Judge 2	Judge 3	Judge 4	Judge 5	Judge 6	Judge 7
NAME							
COUNTRY							